Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 7, 12 мај 2008 година

мај 2008

Штип

## СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на кандидат за асистент во наставно-научната област *ботаника* на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип .............. 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за научната област *растителна физиологија со биохемија* на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип ........ 10

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за научната област *историски науки* на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип ........ 16

**РЕЦЕНЗИЈА** на трудот „Меѓународна економија" од доц. д-р Ристо Фотов – Економски факултет ........ 19

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Математика" од авторките д-р Татјана Атанасова-Пачемска, м-р Билјана Златановска и Лимонка Лазарова, наменет за студентите на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип ........ 22

**РЕЦЕНЗИЈА** за оценка на докторската дисертација „Еволуција и стратиграфија на палеогенот на територијата на Република Македонија" од м-р Виолета Стојанова, Факултет за рударство, геологија и политехника при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип ........ 24

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот на трудот „Практикум по статистика" од проф. д-р Трајче Мицески и м-р Горан Миладинов ........ 28

31

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот на трудот „Збирка на решени задачи по статистика" од проф. д-р Трајче Мицески и м-р Горан Миладинов ........ 34

37

Издавач:
Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Борис Крстев, дипл. правник Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАУЧНАТА ОБЛАСТ ИСТОРИСКИ НАУКИ НА ПЕДАГОШКИОТ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Врз онова на чл. 140 став 1 - 5 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ“, бр. 64/00, 49/03 и 71/07), а согласно чл. 9 став 2 од Правилникот за единствени критериуми и постапката за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип („Универзитетски гласник“ бр. 2 од 1. 11. 2007 г.), Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет во Штип на својата седница, одржана на 8 април 2008 година, донесе Одлука за формирање на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања од научната област историски науки. На конкурсот објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Лајм“ од 15. 3. 2008 година, за избор на еден наставник (во сите звања) за научната област **историски науки,** се пријави кандидатот д-р Кирил Цацков. Комисијата во состав: проф. д-р Даринка Петреска, редовен професор на Филозофскиот факултет во Скопје, д-р Виолета Ачкоска, редовен професор на Филозофскиот факултет во Скопје и д-р Блаже Китанов, редовен професор на Педагошкиот факултет во Штип, откако ги разгледа доставените материјали, има чест на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет во Штип да му го поднесе следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**I**

**Д-р Кирил Цацков** е роден во Штип во 1948 г. Основно и средно образование завршува во истиот град. Во мај 1975 г. дипломира на Институтот за историја на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје. Постдипломските студии ги завршува на Институтот за историја на Филозофскиот факултет во Скопје, каде во 1991 година ја одбрани магистерската теза на тема ***„Просветата и културата во Штип и Штипско меѓу двете светски војни“*** и се стекнува со научен степен магистер по историски науки. Во мај 1999 година на истиот факултет ја одбрани и докторската дисертација на тема ***„Штипскиот регион меѓу двете светски војни 1918-1941 година“***.

Паралелно со своето стручно и научно надградување и усовршување, Цацков успешно ги извршува и своите работни обврски како: професор по историја во УТЦ „Димитар Мирасчиев“ во Штип, директор на Кино „Култура“ во Штип, надворешен соработник на Педагошката академија „Гоце Делчев“ во Штип на Групата историја и географија, каде ги предава предметите: Стар век, Среден век и Методика на наставата по историја. По магистрирањето е избран за наставник по ЗПО, ЗП и ЗО, а по докторирањето за доцент на истиот факултет, на кое работно место се наоѓа и денес. Покрај наставната дејност, тој ја врши функцијата продекан за финансии на Педагошкиот факултет во Штип и членува во Комисијата за финансии при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Д-р Кирил Цацков се пројави и како мошне ангажиран општественополитички работник во Штип и пошироко во Републиката. Тој членува во: Управниот одбор на Заводот за заштита на спомениците на културата и Народен музеј - Штип, во претседателството на Македонско-хрватското друштво во Штип, а претседателствува во: Здружението на просветните работници во Штип и во Општинската организација на Црвен крст - Штип.

## II

Преку примената на теоретските знаења и методологијата на историската наука, д-р Кирил Цацков за релативно краток временски период (од 1995 до денес) покажа значајни научноистражувачки резултати и ја збогати македонската историографија со две книги: *„Просветата и културата во Штип и Штипско меѓу двете светски војни“* (Глобус, Скопје, 1995 г.) и *„Штипскиот регион меѓу двете светски војни 1918-1941“* (Педагошки факултет „Гоце Делчев“ - Штип, 2002 г.), како и со 9 научни прилози, објавени во различни зборници и списанија и презентирани на повеќе научни собири и бројни други прилози. Најголем дел од неговите научни и дел од стручните трудови се посветени на роднокрајната историја, односно на Штип и Штипско, во XX век. Во нив тој расветлува бројни процеси, настани и личности од економско-социјалната, политичката и културно-просветната историја и историјата на медицината.

Ваквиот пристап на д-р Цацков во истражувањето и презентирањето на историјата на Штип и Штипско носи белег на една мултиперспективна насоченост на сознанијата за минатото, присутни во современите историографски школи кои поаѓаат од потребата за истражување и пишување историја на сите аспекти од животот на луѓето во минатото, а не само на строгата политичка историја. Така, во неговите трудови е одразена мултикултурата како специфична состојба на животот и социјалната слоевитост на локалното штипско милје, во кое се сретнуваат процесите на модернизацијата наспроти обидите да се зачуваат традиционалните вредности.

## III

Д-р Цацков покажа извонредно чувство за презентирање на своите стручни и научни сознанија и опсеравации на голем број научни и стручни собири во земјава и во странство. Ова е еден извонреден показател дека тој не е само научник и професор, чии научноистражувачки и стручно-практични резултати остануваат достапни само на мал круг консументи, туку дека настојува да биде присутен со отворена дискусија и помеѓу научните и стручните колеги од областите со кои се занимава.

Неговото активно учество (од 1999 година до денес) на импозантниот број од 20 научни и стручни собири и на 10 стручни семинари од областа на наставата, особено на мошне актуелните и современи презентации и реализации на проектите за осовременување на наставата со поттикнување на креативноста, инвентивноста и самоучењето во услови на реформирање на воспитнообразовниот процес, зборуваат за наставник кој е подготвен за кооперативност и прифаќање на предизвиците на новите дидактичко-методски постапки и активности за современа настава од областа на историјата и методиката на наставата по историја, но и од општата дидактика. Девет од споменатите научни и стручни собири на кои учествува д-р Цацков се одржани по неговиот избор за доцент во 2003 година, од нив пет се одржани во странство: Едрене (Турција), Благоевград и Стара Загора (Бугарија), Нови Сад (Србија), Москва (Руската Федерација).

Во рамките на учеството на научните и стручните симпозиуми и конференции, кандидатот во своите реферати третира мошне важни и суштински проблеми на историските и современите аспекти на наставата по историја, педагогијата, иновациите во таа област, улогата на учителот и наставникот и др.. Тој особено се осврнува на различните аспекти на воспитната улога на наставникот во образовниот процес, како и на проблеми поврзани помеѓу социјалните општествени дејности и образованието. Во тие рамки се вклопуваат и неговите напори за осмислување и дефинирање на низа клучни проблеми поврзани со реализацијата на граѓанското образование во основните училишта и на наставата по историја.

Научните сознанија од наведените области (историја, педагогија, специјална дидактика и граѓанско образование), д-р Цацков има можност да ги практицира и надгради од практично-стручен аспект со активно учество на десетина семинари на кои се врши едукација за наставните иновации. (Во прилог на извештајот следува список на објавени трудови и преглед на учество на научни и стручни собири и семинари.)

Истовремено, наведените научни и стручно-практични компоненти д-р Цацков има можност да ги имплементира во неговата конкретна професионална дејност како наставник по ЗПО, ЗО, Методика на наставата по историја, како и од области на историските науки.

Научната и стручната дејност на д-р Цацков е надополнета и со неговите активности како рецензент и промотор на повеќе научни и стручни трудови, книги, учебници и др.

**IV**

Имајќи ги предвид досега изнесените мислења и оценки за научноистражувачката работа и за научните резултати презентирани преку објавените научни трудови и преку учеството на наведените научни конференции и семинари, како и неговата повеќегодишна педагошко-методска ангажираност во наставата, како соработник и наставник од областа на историската наука, слободни сме да констатираме дека **д-р Кирил Цацков** уште при изборот за доцент во 2003 година ги исполни сите услови и критериуми за избор во повисокото звање **- вонреден професор**.

Со задоволство го предлагаме д-р Кирил Цацков да биде избран во звањето вонреден професор по наставно-научната област **историски науки** на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

**Рецензентска комисија:**

**Проф. д-р Даринка Петреска, с.р.**

**Проф. д-р Виолета Ачкоска, с.р.**

**Проф. д-р Блаже Китанов, с.р.**